ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.15 Септември - Октомври 2020

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Доделени највисоките општински награди и признанија

*На свечена академија во Крива Паланка беа доделени највисоката општинска награда, Осмооктомвриска награда и осмооктомвриските признанија кои се доделуваат за посебни заслуги за афирмација и промоција на општината во национални и меѓународни рамки.*



Добитник на **Осмооктомвриската награда** за 2020 година е **проф.д-р Анета Стефановска**, биокибернетичар, научник на универзитетот во Ланкастер, Велика Британија, докторант на универзитетите во Љубљана и Штутгарт, пионер во многу научни области.



**Роберт Цветковски,** со тридецениско работно искуство и над 31 самостојна изложба во светот, доби осмооктомвриско признание за промоција на Крива Паланка.

Осмооктомвриски признанија и пофалници добија и Извиднички одред „Наум Наумовски Борче", како најстара младинска организација, Општинска организација на Црвен крст, како столб на хуманоста, волонтаризмот и поддршката на заедницата, Средното општинско училиште „Ѓорче Петров", кое слави 60- годишен јубилеј, кое е темел на знаењето, препознатливо во национални и меѓународни рамки.

Осмооктомвриска благодарница доби министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, за поддршка на општината во напорите за зачувување на природата.





## Амбасадорката на Украина прогласена за почесен граѓанин на Крива Паланка

На свечената академија која се оджа во Крива Паланка, по повод Денот на ослободување на градот, Наталија Задорожњук, амбасадорка на Украина во Република Северна Македонија го доби признанието „**Почесен граѓанин на Крива Паланка".**

*– Украина и РС Македонија се пријателски земји и за мене ова е голема награда и признание и ми дава мотив да работам уште повеќе на унапредување на билатералната соработка помеѓу двете држави, порача Задорожњук на врачувањето на признанието.*



## Потпишана повелба за пријателство и соработка помеѓу град Бор и општина Крива Паланка

*Градоначалникот на град Бор, Александар Миликиќ и градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски на Свечената седница на Советот потпишаа Повелба за пријателство и соработка меѓу град Бор и Општина Крива Паланка.*

Пријателство меѓу двете општини кое трае подолго време е унапредено со потпишување на Повелбата, со цел размена на искуства во насока на подобрување на економскиот, социјалниот и културниот развој, градење на блиски врски, размена на искуства и широка соработка на полето на културата, младите и спортот, како и во други области од општествениот живот.



## Ново современо игралиште за баскет

*Изградено е ново и современо игралиште за баскет во спортскиот терен на ученичкиот дом Боро Менков.*

Игралиштето зафаќа површина од околу 350 м2 и е комлетно опремено со потребната спортска и урбана опрема, соодветно осветлено со два рефлектори. Изградбата е финансирана од Агенцијата за млади и спорт со сума од околу 3.000.000 денари.



## Текoвни активности за одржување на комунална инфраструктура

Во рамките на активностите за тековно одржување на локални улици и патишта во изминатиот период беше саниран стар руиниран потпорен ѕид на улица „Калин Камен“, со што се овозможи нормално одвивање на сообраќајот .



Поставен е коловоз од калдрма на дел од пристапна улица „Јане Сандански“ во должина од околу 80-тина метри и просечна ширина од 3,5 м.



## Заврши асфалтирањето на патниот правец кон граничниот премин Голеш

Заврши асфалтирањето на регионалниот патен правец кон граничниот премин Голеш, во кој Јавното претпријатие за државни патишта инвестираше 27.000.000 денари, со што за прв пат имаме асфалт до самата гранична линија.

Градоначалникот Мицевски, заедно со вицепремиерот Љупчо Николовски, министерот за транспорт и врски Благој Бочварски и директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Николче Бабовски, извршија увид на локацијата кон граничниот премин како и на повеќе инфраструктурни проекти што се реализираат во општина Крива Паланка.

Во моментот преку 87 милиони евра се инвестира во изградба на нова и модернизација на постоечката патна инфраструктура во Крива Паланка и околината, како дел од стратешкиот Коридор 8, кој е од огромно значење за регионално поврзување.



## Заврши изградбата на локален пат во с.Голема Црцорија и с.Трново

Заврши изградбата на локален пат во с. Голема Црцорија-делница од асфалт маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо во должина од околу 3 км изградба на дел од локален пат во с. Трново во должина од околу 0,5 км.



Средствата за реализација на проектите во висина од 20.000.000 денари се обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој како и од Буџетот на Општина Крива Паланка.



## Заменик шефот на мисијата на Јапонската амбасада во посета на Крива Паланка

Заменик шефот на мисија на Јапонската амбасада во РС Македонија г.Такахаши Сатору оствари посета на Општина Крива Паланка како резултат на активностите кои беа реализирани претходната година, при што ЈКП Комуналец доби донација во возило за собирање на смет.

Во рамки на посетата г.Сатору и градоначалникот Мицевски разговараа за актуелната состојба во Општина Крива Паланка, како и евентуалните можности за продолжување и продлабочување на соработката со Јапонската амбасада.



## Целосно обновен возниот парк на ЈП Комуналец

***Возниот парк на ЈП Комуналец е речиси целосно обновен со набавка на 8 возила од кои 6 нови и 2 половни.***

Општина Крива Паланка е една од општините која доби механизација преку Проектот за подобрување на општински услуги-МСИП, ровокопач со дополнителна опрема, од Јапонска амбасада добиен е камион за собирање на смет од 6м$^3$, а преку проектот за Регионално управување на отпад во Североисточниот и Источниот плански регион обезбедена е донација од 3 возила и тоа од 4, 6 и 10м$^{3}$.
Со сопствени извори на финансии набавено е едно ново и едно половно возило за смет. Исто така преку општината е добиена донација од едно помошно комби возило за транспорт на луѓе и материјал.

Возниот парк е целосно обновен и во добра кондиција да се справи со сите предизвици на комунален план и 24 часовна сервисна служба во интерес на почиста и здрава животна средина.



## Пуштени во употреба атлетска патека, мини-голф терен и скејт парк

Амбасадорот на Република Бугарија во Република Северна Македонија, Ангел Ангелов, присуствуваше на официјалната промоција на проектот „Подобра спортска инфраструктура, подобро здравје за сите“, финансиран од Амбасадата на Република Бугарија во РС Македонија со кој се уредени неколку спортски содржини на спортскиот комплекс во Крива Паланка.



Во рамки на овој проект градскиот стадион е опремен со нова тартан патека по стандардите на Светската атлетска федерација, уреден е мини голф трен и скејт парк, со вкупна вредност на сите проектни активности од околу 73.000 евра, од кои 25 отсто кофинансира општината.



На настанот присуствуваше и претставник од македонската голф федерација, Зоран Јанакиев, кој истакна дека ова што е направено во Крива Паланка може да биде одличен почеток на голф приказната во овој град.



## Промовирана „Монографија на Крива Паланка, 1633-2020“

По повод чествувањето на Денот на ослободување на Крива Паланка, 8 Октомври,  свечено беше промовирана Монографија на Крива Паланка, 1633-2020, во која на 180 страници се поместени историските, културни, економски, образовни, спортски достигнувања од развојот на општината, уредени од страна на проф.д-р Јордан Михајловски.




*Ништо не е подрагоцено од донесувањето одлука во вистинско време, а во овој случај, со издавањето на ова дело е направено токму тоа.*

*Уредена и конципирана сосема умешно, монографијата е својевиден историски монумент на Крива Паланка, истакна промоторот проф. д-р Трајан Гоцевски.*

Книгата е работена во коавторство на д-р Јордан Михајловски и м-р Мартин Додевски, историчари, Драган Величковски, етнолог, Цоне Крстевски, археолог, Гроздан Ѓоргиевски, економист, Трајче Давитковски, правник и Билјана Цветковска-Тасевска, инженер по патен транспорт.



## Отворена изложба од ликовната колонија „Св. Јоаким Осоговски”

Во чест на 76- годишнината од ослободувањето на Крива Паланка беше отворена  изложба на дела од Меѓународната ликовна колонија „Свети Јоаким Осоговски“ во просториите на Уметничката галерија при ЛУ Градски музеј Крива Паланка.



## Добредојде за првачињата во новата учебна година

*Учебната 2020/2021 година започна со задоцнување, во услови на Ковид-19, но за првачињата сепак е значаен ден, ден кој ќе се памети.*

Основните училишта Илинден и Јоаким Крчовски подготвени ги дочекаа првачињата, а градоначалникот Борјанчо Мицевски за среќен почеток  им подари скромни подароци со училишен прибор.

## Ангажирани осум воспитно образовни асистенти за оваа учебна година

Во учебната 2020/2021 година преку проектот „Цело е кога има се“, а во рамки на Програмата за општинско корисна работа 2020 година, ќе се вклучат осум воспитно образовни асистенти за осум ученици со попреченост кои се вклучени во редовниот процес на образование во основните училишта „Јоаким  Крчовски“ и „Илинден“.



Средствата за спроведување на Програмата за општинско корисна работа односно за проектот „Цело е кога има се“, се обезбедени од УНДП и од Буџетот на Општина



## Потпишани договори за стипендирање ученици со попреченост вклучени во редовниот процес на образование

Родителите на дечиња со попреченост од прво и второ одделение од Крива Паланка потпишаа договори за стипендирање на учениците, во рамки на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ што го реализира Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“.

Децата-стипендисти ќе добиваат средства во висина од 50 евра во денарска противвредност, за девет месеци во училишната година.

*Проектот се реализира во соработка со Општината и стручните служби од основните училишта.*